MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-1387/2
11-03- год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------- ----------- од П--------, на 28-та седница одржана на ден 29.02.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2378 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2378/1 од 10.04.2019 година, доставена од подносителот ------- ----------- од П--------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2378 од 2019 година година.

Предметот со број 12-2378 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2378 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2378/1 од 10.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ------- ----------- од П--------.

Во пријавата се содржани наводи за неправилности во постапки за вработување на лица кои биле реализирани по објавени огласи за вработување во 2018 година во три државни институции и се укажува на непотизам и вработување на членови на политичка партија, кои биле реализирани по објавени огласи за вработување. Подносителот на пријавата не е задоволен од реализираните постапки, поради тоа што тој конкурирал за работните места предвидени во објавените огласи за вработување но, како кандидат за вработување не бил избран од ниедна од трите институции.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до сите три институции односно, до Секторот за шумска полиција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда и до Основен суд Прилеп, за нивно произнесување/постапување во врска со предметните наводи.

По барањата на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација од сите три институции и по нивното разгледување констатирано е следното:

-Подносителот на пријавата бил пријавен на сите огласи за вработување наведени во пријавата.

-Во Секторот за шумска полиција била спроведена постапка во врска со предметниот оглас за вработување на неопределено време на 45 овластени службени лица на работно место шумски полицаец, на кој биле пријавени 243 кандидати од кои 184 уредни кандидати меѓу кои бил и подносителот на пријавата кој во конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција бил рангиран на 124 место со освоено вкупно бодови 47, па со оглед на тоа не влегол во натамошна фаза во постапката односно не бил предложен за вработување за предвиденото работно место. Одлука за избор на кандидатите по овој оглас била донесена на ден 08.02.2019 година, а на истиот датум биле изготвени и решенијата за вработување на избраните кандидати.

-Во Управата за извршување на санкциите при Министерството за правда била спроведена постапка во врска со предметниот оглас за вработување на пет извршители за работни места постар и помлад надзорник за внатрешно и надворешно обезбедување во затворската полиција во КПУ Затвор Прилеп на неопределено време, на кој биле пријавени 11 кандидати од кои 3 немале уредна документација а меѓу кои тројца меѓу кои бил и подносителот на пријавата, кој не доставил Свидетелства и потврда за работен стаж од Агенцијата за вработување. Одлука за избор на кандидат по овој оглас била донесена на 11.01.2019 година .

-Во Основен суд Прилеп била спроведена постапка во врска со предметниот оглас за вработување на еден припадник од судска полиција на неопределено време, на кој биле пријавени двајца кандидати меѓу кои бил и подносителот на пријавата, а по извршената проверка од страна на Министерството за правда било констатирано дека подносителот на пријавата ------- ----------- од П--------, не ги исполнувал законските услови од јавниот оглас поради тоа што не доставил валидна потврда за активно познавање на странски јазик и не го исполнувал законскиот услов да биде помлад од 25 години, а воедно при проверките за ова лице им била доставен податок дека против него имало мерка засилен надзор од родител посвоител по член 236.ст.1 од КЗ, со статус активен. Одлука за избор на

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

кандидат по овој оглас била донесена на 14.05.2019 година и бил склучен договорот за вработување поради изборниот процес 2019 година.

Врз основа на погоре констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај не се потврдени предметните наводи за неправилности во постапки за вработување кои биле реализирани по објавени огласи за вработување во 2018 година во три државни институции, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 февруари 2020 година под бр. 12- 1387/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК